# Изградена нова пешачка патека до улицата Мирче Ацев

Напишано од Живко Каликов
Понеделник, 29 Април 2013 07:39



Согласно Програмата за изградба и реконструкција на локалната патна инфраструктура, општина Пехчево започна да ја подобрува состојбата на патиштата во општината.

Со таа цел заврши уредувањето на пешачката патека која води до улицата ,, Мирче Ацев '', во должина од 60 метри, а ширина 6 метри, додека сретствата се издвоени од Буџетот на Општината.

Со изградбата на оваа улица значително се олеснува сообраќајната комуникација, особено во зимските и врнежливите периоди од годината.

Станува збор за досега неуредена јавна површина која стоеше запуштена, а е од големо значење за жителите од овој дел на градот и за таа цел решивме оваа пешачка патека целосно да ја уредиме. Проектите за проширување, реконструкција и изградба на улици е од исклучително значење за развој на нашата општина, истакна градоначалникот Игор Поповски и нагласи дека, градежните проекти ќе продолжат и во наредниот период со исто темпо.

По изградбата на овие приоритетни улици, ќе продолжи изградбата на други улици од Програмата на градоначалникот за идниот период.

